Врз основа на член 67, став (2) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.11.2007 година донесе

# УРЕДБА ЗА СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

Член 2

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, ги содржи следните информации:

(а) резиме/краток преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врската со другите релевантни планови и програми/плански документи;

(б) релевантни аспекти на моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/најверојатната еволуција без имплементација на планот или програмата;

(в) карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;

(г) други проблеми кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги посебно оние кои се појавиле во некоја од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите;

(д) целите на заштитата на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;

(ѓ) веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, човечкото здравје, фауната, флората, почвата, водата, воздухот, климатските фактори, материјалните придобивки, културното наследство кое вклучува архитектонско и археолошко наследство, пејзажот и меѓусебната поврзаност на овие фактори. Овие влијанија вклучуваат секундарни, кумулативни, синергистички, краткорочни, со средно и долгорочни, трајни и привремени позитивни и негативни ефекти;

(е) мерките предвидени за заштита, намалување и неутрализирање во најголема можна мерка на сите значајни негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ;

(ж) резиме/краток преглед на причините за изборот на алтернативите, и опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;

(з) опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;

(ѕ) не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во точките од а) до з) на став (1) од овој член.

(2) Кога се спроведува стратегиска оцена на животната средина на понизок плански документ кој произлегува од друг повисок плански документ, а за кој претходно била спроведена стратегиска оцена на животната средина, извештајот за стратегиска оцена на животната средина за понискиот плански документ ги содржи информациите од

повисокиот плански документ, а кои се реално потребни за донесување на понискиот плански документ, со цел да се избегне дуплирање на оценување на влијанието врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-7133/1
20 ноември 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.